Врз основа на член 153-б став 4 од Законот за извршување на санкциите ("Службен весник на Република Македонија" бр.2/06 и 57/10), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ПОГОДНОСТИ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на користење на погодностите на осудени лица.

## I. ПОГОДНОСТИ КОИ СЕ СОСТОЈАТ ОД УБЛАЖУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО УСТАНОВАТА

### *Уредување на животниот простор со лични предмети*

### Член 2

Уредувањето на животниот простор со лични предмети се состои во овозможување осуденото лице да го уреди животниот простор во казнено-поправната установа (во натамошниот текст: установата) со: фотографии, слики, собно цвеќе, предмети, сопствено ќебе, ТВ апарат, аудио апарати (радиоапарат, МП3) или други работи кои ги изработило осуденото лице во своето слободно време кои се со примерна етичка содржина и со кои не се нарушува функционалноста на животниот простор, кои не им пречат на останатите осудени лица кои престојуваат во истата просторија и не е во спротивност со одредбите од Куќниот ред на Установата.

### *Почесто примање на пратки и примање на пратки со поголема тежина*

### Член 3

Осуденото лице може да прима една пратка повеќе од предвидениот број на пратки утврден со Куќниот ред на установата во текот на еден месец, чија тежина не може да биде поголема од 10 кг.

Примањето на пратки со поголема тежина се состои од можноста осуденото лице да прими една пратка повеќе од предвидениот број на пратки утврден со Куќниот ред на установата, чија тежина не може да биде поголема од 15 кг.

## II. ПОГОДНОСТИ КОИ СЕ СОСТОЈАТ ОД ПОЧЕСТИ КОНТАКТИ СО НАДВОРЕШНИОТ СВЕТ

### *Продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата*

### Член 4

На осуденото лице може да му се одобри користење на продолжени посети во траење од 90 минути во деновите предвидени со Куќниот ред на установата.

На осуденото лице може да му се одобри посета без надзор во просториите на установата во траење до 60 минути во деновите предвидени со Куќниот ред на установата.

### *Телефонирање без надзор*

### Член 5

На осуденото лице може да му се одобри телефонирање без надзор најмногу четири пати во текот на месецот во време определено со Куќниот ред на установата.

### *Престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор*

### Член 6

Осуденото лице може да престојува со брачниот или вонбрачниот другар во посебна просторија без надзор по два месеци од извршената класификација и тоа во траење од 90 минути во текот на еден месец во деновите предвидени со Куќниот ред на установата.

Со погодноста од ставот 1 на овој член, осуденото лице може да се стекне доколку достави извод од матична книга на венчаните.

Осуденото лице може да престојува со вонбрачниот другар во посебна просторија без надзор доколку го пријави својот вонбрачен другар со изјава која своерачно ја потпишува во текот на престојот во приемното одделение, а вонбрачниот другар треба да обезбеди изјава заверена на нотар и да ја достави до установата.

*Посети надвор од просториите на установата*

**Член 7**

На осуденото лице може да му се одобри користење на  посети надвор од просториите на установата со посетител во траење од четири часа во текот на еден месец во општината каде што се наоѓа седиштето на установата.

Посетител може да биде лице од потесното семејство на осуденото лице или лице кое претходно е пријавено во картонот за посети.

*Слободен излез од установата до седум часа*

**Член 8**

На осуденото лице може да му се одобри слободен излез од установата до седум часа во општината каде што се наоѓа седиштето на установата или во местото на живеење.

*Отсуство до 15 дена во текот на годината*

**Член 9**

На осуденото лице може да му се одобри отсуство до 15 дена во текот на годината во местото на живеење или во друго место што претходно го најавил, со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од три дена.

*Целосно или делумно користење на одморот надвор од установата*

**Член 10**

Осуденото лице може целосно или делумно да го користи одморот надвор од установата  доколку е непрекинато работно ангажирано повеќе од шест месеци.

Бројот на денови што може да ги користи осуденото лице од првиот дел од одморот не може да биде помал од 12 дена.

Осуденото лице може да ја користи погодноста од ставот 1 на овој член во местото на живеење или во друго место што претходно го најавил.

### Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник во Република Македонија”.

Број 01 – 4691/1 | МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА,
06. 12. 2011 година | Блерим Беџети